ОДБЛИСКУ

*ИСКРА ДИМИТРОВА, УМЕТНИК*

# ЈАВНО СЕ ИЗВИНУВАМ ШТО СОЊА АБАЏИЕВА МИ Е МАЈКА, А МИНИСТЕРОТ ДИМИТРОВ ТЕТИН





РАЗГОВАРАШЕ

Лејла САБИТ

**Искра Димитрова, годинешен неофицијален претставник на Венециско биенале беше под тотална медиумска опсада. Одлуката на министерот за култура Димитар Димитров, Македонија да не учествува на Биеналето со официјален претставник, ги подгреа уметничките кујни да шпекулираат зошто токму Димитрова патува во Венеција со инсталацијата „Прекрасни суштества“ – мртовечки сандак инсталиран во гондола. На сите јавни прозивки – „рекла, казала“ и шушкање во кулоарите Искра Димитрова отворено одговара во ова интервју. Во моментов е актуелна со изложбата „Нарцизми“ во МСУ.**

## ● НАРЦИСОИДНОСТ

**● Да не се биде самозаљубен, темата „Нарцизми“ е само случајност?**

– Мислам дека нарцизмот, како сакање на сам себе, е категорија која е својствена секому, инаку, претпоставувам, воопшто не би опстојал на планетава. Прашањето е само колкав е неговиот интензитет. Во случајот на уметниците, позната е неговата присутност во поголема мерка, а секако и јас не сум исклучок. Меѓутоа, јас не би го поставила прашањето така – дали учеството на сите 17 уметнички значи дека станува збор за седумнаесет самозаљубени личности? Ние не сме црнобели, како што не е ни црнобел светот во кој живееме, сигурно постојат компоненти на нарцисоидност, но постојат истотака и компоненти на себеотфрлање и себезаборавање, како спротивност на нарцистичкиот елемент. Токму овој проблем и го обработувам во делото „Ехо и Нарцис“, Ехо како парадигма на себеотфрлањето (откако Нарцис ја отфрла нејзината љубов, таа се осамува месото и отпаѓа, исчезнува и од неа останува само глас) и Нарцис, како парадигма на самовљубеноста. И во двата случаја крајот е трагичен. Овие две компоненти на однос кон самиот себе осцилираат во нашиот живот. Отпечатокот во боја од моето тело укажува на „празнотијата“ на она што реално постои, а вистината ја барам во сликата на „огледалото“ (документарна видео снимка на две спротивни психички состојби). Мене овој елемент – на автентичност (а кој јасно се гледа од изразот на лицето) ми беше особено важен бидејќи за мене уметноста не смее никако да биде лага, само и единствено она што вистински и длабоко го чувствувам и преживувам. Поради овие причини многу често користев одливки од моето тело (а за кои мора да споменам дека се честопати болни) бидејќи уметноста која ја создавам е толку важен дел од мене и многу е важно таа да биде автентична. Во оваа смисла, не би можела никогаш да работам на некоја тема која мене лично не ми е блиска и која не ја чувствувам со сета душа.

**● Значи, сепак, се потврдува дека уметниците се склони кон нарцисоидност?**

– Па, во смисла во која и досега зборував, нормално е да бидат, како што се и насекаде во светот.

## ● ОГРАНИЧЕНО КУЛТУРНО МИЛЈЕ

**● А завидливи?**

– Исто така. Можеби кај нас тоа повеќе се чувствува поради тоа што во оваа економска позиција во која се наоѓаме и затвореноста, уметниците се чувствуваат на некој начин загрозено, бидејќи многу квалитетни уметнички дела се продуцираат во Македонија, но некако тие остануваат само на нашите простори, ретки се шансите тие да бидат видени од странските критичари, а последователно и да бидат поканети и видени на изложби во странство. Тоа остава едно чувство на безнадежност.

**● Се велеше дека Венеција ќе ти послужи да се фалиш пред пријателите и родните „Еј бев таму и сите ми честитаа... а на мртовечкиот сандак му најдоа знак – дека го означува испраќањето на македонската култура...?**

– Ха, за внуците, пријателите... вопшто не сум размислувала, во секој случај интересно е како „Мали Џокица" размислува за сето тоа, веројатно тргнувајќи од тоа како самиот би постапил. Не знам кој го пишувал тоа, ниту пак ме интересира. Во принцип работите се едноставни – оној кој има во себе негативна енергија (особено чувство на исфрустрираност и сл.), цел овој проект ќе го сфати негативно, оној кој има позитивна енергија ќе го сфати позитивно. Денес, на жалост, целата ситуација во која се наоѓаме, нè прави огорчени и негативно расположени кон сè што ќе се направи, па излегува дека поарно си поминуваат оние кои седат мирно и ништо не работат отколку оние кои се борат и работат. Што се однесува до биографијата – нормално е дека проектот ќе го ставам во биографијата, тоа е проект за кој сама сум се изборила и од кој сум многу задоволна, мислам, како поинаку, треба да правам изложби за да не ги пишувам во биографијата? За илузијата за мртовечкиот сандак, колку што разбрав и од авторот, е повеќе коментар на ситуацијата во културата овие месеци, за која би се сложила дека е на незавидно ниво споредувајќи ја со изминатите времиња, барем судејќи според ликовната дејност, е сега дали е тоа повеќе финансиски или друг проблем, тоа јас не можам да кажам. Нормално е дека инсинуациите влијаат на мене, но повеќе во смисла дека луѓето на овие простори се толку огорчени на сè што се случува, што било што ќе се направи се склони да го гледаат од негативна гледна точка, да направат афери, да го омаловажат итн. што можеби е синдром на едно мало, ограничено културно милје. Од друга страна, сè додека добивам покани за реализација на проекти од странство во кои се обезбедени и трошоците за изведба на делото, сè додека една Бојана Пејиќ (кураторката која на некој начин ја промовираше Марина Абрамовиќ на светската сцена) се изјаснува толку позитивно кон тоа што го работам, или Жан Ибер Мартен или Жељко Кошчевиќ, рационално гледано, инсинуациите нема што да ме тангираат.

**● Што според вас, предизвика гнев во ликовната и пошироката јавност? Вашето, сепак, учество во Венеција, но неофицијално, откако пропадна обидот, регуларно Македонија да ја претставува проектот на Петар Хаџи–Бошков, или Вашата наводна роднинска врска со актуелниот министер за култура, Димитров?**

– Веројатно и двете. Да се учествува на некоја така голема изложба самостојно не е никаква новина, освен, на жалост, на нашиве мали простори. Времето на социјалистичкиот начин на размислување е веќе зад нас. Да разграничам некои работи – мојата роднинска врска со Димитров не е наводна туку вистинска, друго прашање е пак колку тој навистина е инволвиран во мојот проект. Апсолутно немам намера никому да објаснувам како и што, повторно, останува на секој посебно сам да си ги толкува работите – на оние кои „подлегнуваат" на аферите ќе им остане чувството на огорченост и безнадежност, на оние каде тоа не е случај, ќе бидат исполнети со позитивни чувства, ќе можат да веруваат, самите да се борат и да успеат.



*● ИНСИНУАЦИИТЕ ВЛИЈААТ НА МЕНЕ, НЕ ПОВЕЌЕ ВО СМИСЛА ДЕКА ЛУЃЕТО НА ОВИЕ ПРОСТОРИ СЕ ТОЛКУ ОГОРЧЕНИ НА СЀ ШТО СЕ СЛУЧУВА, ШТО БИЛО ШТО ЌЕ СЕ НАПРАВИ СЕ СКЛОНИ ДА ГО ГЛЕДААТ ОД НЕГАТИВНА ГЛЕДНА ТОЧКА, ДА НАПРАВАТ АФЕРИ*

*● МОЈАТА РОДНИНСКА ВРСКА СО ДИМИТРОВ НЕ Е НАВОДНА ТУКУ ВИСТИНСКА, ДРУГО ПРАШАЊЕ Е ПАК КОЛКУ ТОЈ НАВИСТИНА Е ИНВОЛВИРАН ВО МОЈОТ ПРОЕКТ*

**● Наголемо се шпекулираше дека Димитров мудро молчел до самиот крај, зашто во игра бил проектот на МСУ, во кој учествувавте и Вие. Досегшаниот директор на Уметничката галерија, Драган Бошковски ја обвини оваа институција дека го минирала учеството на нашиот национален претставник во Венеција поради пријавувањето на овој проект во придружната програма на Биеналето?**

– Не ми е познато зошто Димитров молчел до самиот крај и најубаво би било него да му го поставите истото прашање. Што се однесува до обвинувањата – тоа повторно е проблем на Уметничката галерија. Колку што ми е познато, проектот на МСУ немаше никакви претензии да биде официјално претставување, а од кои причини некој толку се исплаши од дополнително претставување на македонската уметност ќе треба сами да откриете. Југословените, иако беа во војна организираа претставување на своите уметници во националниот павилјон, имаше два југословенски автора во главната изложба и самостојно претставување на една млада уметничка. Не верувам дека кому било во Србија му текна да се потресува зошто таа млада уметничка си го извела проектот во Венеција. Но веројатно, се работи за една поинаква култура. Не може да не ми биде жал што работите кај нас се одвиваат на еден ваков начин.

**● Велат дека вашата мајка, Соња Абаџиева, кустос во МСУ учествувала во тоа минирање?**

– Па нормално, таа ми ги заврши и двата факултета, и ми ги направи сите дела, и издејствува јас да добијам на конкурсот на Биеналето и го роди моето дете и го минираше проектот на Хаџибошков (откако за него напиша цела книга) и сега од мене сака да направи нова Мерилин Монро, ама јас не сакам. Чудо едно од жена. Затоа јас уште со време изјавив, но не знам колкумина прочитале, па да повторам – Јавно се извинувам што Соња Абаџиева ми е мајка, а Димитров тетин. Тоа нема да се повтори.

## ● ХОЛИВУД

**● Дали Министерот за култура го искористи своето дискреционо право и сепак го помогна вашето учество на Уметничкото биенале во Венеција?**

– Апсолутно. И не само тоа, Димитров 1997 година влијаеше на жирито во Франција, па мене ме избраа за претставник на Македонија (и ми ги платија сите трошоци) на Биеналето на современа уметност, каде учествував заедно со познатиот Олег Кулик од Русија, со Ден Пержовски (овогодишен претставник на Венецијанското биенале од Романија), со Недко Солаков (овогодишен претставник на Биеналето од Бугарија), со Горан Петерцол (претставник на Венецијанското биенале од Хрватска 1993, како и на Истанбулското биенале); Димитров ми организираше самостојни изложби во Медисон, САД (1993), Загреб (1996), Манчестер (1996) (на сметка на организаторот); 1996 го помогна моето учество меѓу жирито во Словенија, па бев избрана за претставник на Македонија (и ми беа платени сите трошоци од организаторот) на Триеналето „Екологија и уметност, заедно со Фабрис Ибер (претставник на Францускиот павилјон на Венециското биенале 1997 и добитник на наградата за најдобар национален павилјон), со Ален Ожболт (претставник на Словенија на Биеналето 1995), со Гинтер Уекер од Германија, а сега најверојатно слично нешто е сторено и со големата изложба After the Wall, која треба да се оддржи во Стокхолм, каде пак учествуваат Недко Солаков, Ден Пержовски, Олег Кулик... (заедно со Жанета Вангели и Игор Тошевски, но тоа, претпоставувам е „за да не се сетат комшиите"). Што ти прави политичка моќ значи, кај ќе ни беше крајот и другите министри да ни беа така влијателни...! За да нема забуни – НЕ, НЕ ПОМОГНА НА КАКОВ БИЛО НАЧИН за реализација на мојот проект и немам точни информации, но мислам дека и тој за моето учество дозна од медиумите. А кој сака може да си прави различни прикаски, деновиве според сценаријата и употребената фантазија на аферите се чувствувам како да се наоѓам во Холивуд.

**● Сите се тепаат за да бидат видени и да учествуваат во Венеција. Велат, Венециското биенале особено ужива да кокетира со двете најпосакувани нешта во ова столетие: пари и политика. Дали овие интереси се нагласени кога и ние патуваме на Биеналето?**

– Знаете што, мене ми беше примарно да го остварам проектот во Венеција како што го замислив и успеав во тоа и тоа за мене е најважно од сé. Нормално е и дека сакав да биде видено таму. Што се однесува до финансиите – овој проект беше направен без државни пари и финансиски немаше добра подлога. Повеќето од спонзорите на проектот (Лотарија на Македонија, Реплек, Авиоимпекс, Фершпэд, Бутел, Скенпоинт, Веледрогерија Пановски, Тега инжинеринг, Електрометал, Месар Вардар Техногас, ОЗ Скопје, Македонски телекомуникации и Алкалоид) не ги имаа префрлено средствата пред нашето заминување, а некои сè уште ги немаат, така што моравме да вложуваме и лични средства. Ова влијаеше негативно најповеќе на документацијата на проектот, немавме ниеден новинар, фотограф, а камоли ТВ снимател. Таква беше нашата ситауција, а како било на претходните „Биеналиња" можеби би требало вие новинарите да дојдете до тие одговори бидејќи во другите случаи станува збор за државни пари и за тоа јавноста би требала да биде добро информирана. Зошто не побарате документација за планираните авторски хонорари, за вечерите во ексклузивните ресторани...? Овде би морала да додадам една информација – дека во реализацијата на проектот се вклучија и две италијански фирми – Рало и Стархаус од Местре/Венеција, последната, сопственост на еден голем човек и голем Македонец – Мазлум Хасан, без чија помош не знам дали проектот ќе беше воопшто изведен.

**● Црнилата ги има и во вашата уметност. Вашите мултимедијални проекти, речиси секогаш, повторно ја впишуваат идејата за смртта. Зошто?**

– Оваа тема долго време силно ја чувствував и имав голема потреба и да работам на неа. Тоа временски коинцидираше и со дел од големата поставка на кураторот на Венециското биенале Жан Клер 1995 година, која беше посветена на темата на смртта. Тука беа вклучени дела од светски познатиот фотограф Серано, кој работеше фотографии од мртви тела и воопшто се појавија безброј автори кои ја обработуваа таа тема. Самата „обработка" на таа тема мислам дека влијаеше позитивно и на мене самата и на публиката во смисла на начин на преминување на отуѓувањето кон смртта, за што зборува и Е.Морен во својата книга „Човекот и смртта". Меѓутоа, јас ова дело (P.S. Прекрасни суштества) не го врзувам со оваа тема, тука ковчегот е повеќе поставен како симбол на нашата ограниченост, еден егзистенцијалистички став на принуденост, симбол на суровиот реален свет, за другиот елемент – оној идеалистичкиот, романтичниот (небото, бајката) да дојде повеќе до израз. Истата двојност ја има и гондолата и Венеција, како град на злосторствата и град на вљубените, додека гласното кажување на мегафон на целиот проект му даваше една доза на (само)иронија. Драго ми е што и познатиот историчар на уметноста Ричард Станиславски, (кому проектот многу му се бендиса) делото го прими на сличен начин и рече дека такви поетични дела на жалост ретко се случуваат во современата ликовна продукција.